# ПРЕПОРАКИ ЗА КОНТРОЛОРИТЕ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВОТО

## 1. ОБВРСКИ НА КОНТРОЛОРИТЕ

- Да донесете документација која содржи технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци на пациентите и вработените во здравствената установа;
- Да водите евиденција на лицата овластени за вршење обработка на личните податоци во здравствените установи;
- Да ги регистрирате збирките со лични податоци кои ги водите во Централниот регистар на збирки на лични податоци.

**Како здравствена установа, контролор имате обврска на барање на пациентот во рок од 15 дена да го информирате:**

- дали за него се обработуваат лични податоци и кои категории;
- која е целта поради која ги собирате и обработувате личните податоци на пациентот;
- за другите лица/установи на кои ќе ги откриете неговите лични податоци.

**Како здравствената установа, контролор имате обврска:**

- да овозможите увид во медицинско досие на пациентот и да ти дадете извод или копија од податоците и документите на трошок на пациентот во реален износ;
- да дадете појаснување на податоците од медицинско досие на пациентот, на негово барање;
- да ги дополните, измените или избришете личните податоци на пациентот доколку се нецелосни, неточни и неажурирани;
- на барање на пациентот, да престанете да ги обработувате неговите лични податоци, доколку е тоа спротивно од закон.

**Како здравствена установа, контролор имате обврска кон пациенти упатени на систематски преглед од страна на работодавците:**

- По извршениот здравствен преглед резултатите од секој преглед во затворен плик да ги доставите до пациентите, а не до нивните работодавачи;
- Работодавачот единствено треба да биде информиран дали работникот е работоспособен, а не детално за неговата здравствена состојба;
- Лекарската белешка за отсуство на работникот, која се доставува до работодавецот не треба да содржи податоци за болеста на работникот, дијагнозата и медицинскиот третман



## 2. ЗАШТИТА НА ПРИВАТНОСТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**Како здравствената установа, контролор имате обврска:**

- да ги чувате во тајност податоците на пациентот и по неговата смрт;
- да овозможите заштита на личните, медицинските и генетските податоци на пациентите, ако се донатор или примател на полови клетки, при постапката на биомедицинско потпомогнато оплодување (инвитро);
- да го заштитите идентитетот на пациентите кои донатори или приматели на полови клетки, при постапката на биомедицинско потпомогнато оплодување (инвитро).




## 3. РОК НА ЧУВАЊЕ НА ПОДАТОЦИТЕ

- Медицинска документација како здравствена установа, контролор треба да ја чувате 15 години од последниот внес на податоци;
- Здравствениот картон и историја на болеста треба да ги чувате 15 години по смртта на пациентот.

## 4. ПОДАТОЦИТЕ ЗА ПАЦИЕНТОТ МОЖАТ ДА БИДАТ ОТКРИЕНИ ВО СЛУЧАЈ КОГА:

- пациентот ќе даде писмена согласност,
- податоците се неопходни за медицинска интервенција на пациентот во друга установа,
- податоците се неопходни за обработка пропишана со закон, од страна на здравствена установа што обезбедува здравствени услуги на пациентот,
- податоците ќе се искористат во историски, научни, истражувачки или едукативни цели, под услов идентитетот на пациентот да не може да се открие
- тоа е во согласност со друг закон со цел за заштита на животите, безбедноста или здравјето на други лица.

**Доколку имате дополнителни прашања или дилеми во врска со заштитата на личните податоци во областа на здравството, слободно контактирајте ја Дирекцијата за заштита на личните податоци.**

## Контакт:

**Дирекцијата за заштита на личните податоци**

ул. „Самоилова“ бр. 10 Скопје
**Тел. +389 2 3244 760**

**E-mail: nadzor@dzlp.mk;**

**pravni.raboti@dzlp.mk**

**http://www.dzlp.mk/**